Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 191/0306
14.04 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 8 април 2020 година, врз основа на примена жалба од Неда Петковска, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Во текстот „Жените се задоволни со плата од 16.000 до 20.000 денари, објавен на веб-страницата на дневниот весник „Вечер“ (www.vecer.press) е прекршен Кодексот на новинарите во членот 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 9 март 2020 година, Неда Петковска од организацијата „Реактор – Истражување во акција“ поднесе жалба за текстот со „Жените се задоволни со плата од 16.000 до 20.000 денари“, објавен на 6 март 2020 година, на веб – страницата на дневниот весник „Вечер“ (www.vecer.press).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи мешање на факти и мислење, вест и коментар, неточно и нефер известување и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Подносителот на жалбата посочува дека и самиот наслов на текстот „Жените се задоволни со плата од 16.000 до 20.000 денари“ е неточна информација, зашто, како што потенцира, ја нема во податоците на Државниот завод за статистка.

*„Слично на тоа, делот од текстот во Вечер: „Анкетата покажала дека има и такви кои секое утро би станувале и би се враќале дома попладне изморени за месечна заработка не поголема од осум илјади денари“ не постои во податоците на ДЗС и е пристрасна и погрешна интерпретација на истите“,* се наведува во претставката поднесена од Неда Петковска од организацијата „Реактор - Истражување во акција“.

Ваквите наводи, според подносителот на жалбата, доведува до погрешна и опасна слика дека жените во државата се навистина „задоволни“ со мали плати, занемарувајќи битни факти за родовите нееднаквости на структурно ниво во државата и притоа имплицирајќи некаква вина на самите жени за родовите јазови во заработувачката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со весникот „Вечер“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Главниот и одговорен уредник на медиумот, Весна Миќиќ Божиновска одговори на наводите на жалбата.

Таа посочува дека редакцијата на весникот „Вечер“ длабоко жали што предизвикала негативна перцепција кај дел од читателите, иако тоа не била нивна намера. Миќиќ Божиновска вели дека во текстот се користени факти и податоци од истражувањето на Државниот завод за статистика, кое како публикација било објавено по повод 8 март под наслов: „Жената низ бројки“.

*„Како Редакција во која најголем дел од вработените се жени, бевме изненадени од објавените податоци, особено од фактот дека „34,7 проценти би прифатиле работа за плата од 16.000 до 20.000 денари“ или дека минорни “3,6 процента од жените се работодавци. Овие факти, кои можат да се најдат и на официјалната веб- страница на Државниот завод за статистика, за нас не беа непознати, но поради тоа што ретко кога се објавуваат во публикација, ни беа предизвик за и ние да ги објавиме и да ја информираме пошироката јавност, а со тоа да поттикнеме и на размислување“,* појаснува Миќиќ Божиновска во одговорот на жалбата.

Од весникот „Вечер“, меѓу другото, додаваат дека како редакција во која најголем дел од вработените се жени, особено се посветени на родовата еднаквост и застапување на политиките на еднакви права и можности за жените и мажите.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 13.

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 8 април 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, заклучи дека се работи за текст кој обработува податоци од публикација објавена од Државниот завод за статистика, насловена „Жената низ бројки“, во која изнесуваат статистики за повеќе прашања, вклучително и за тоа за колкава месечна плата би работеле жените во земјава.

Текстот, несомнено, произлегува од јавниот интерес и дава извесна слика за состојбите со ангажманот на жените на пазарот на трудот, но не и на начин на кој е обработена содржината. Од самиот текст е јасно дека целта на авторот не е да се дискриминираат или омаловажат жените, туку, напротив, да се охрабрат и да ја зголемат својата самодоверба, но со начинот на кој е обработен новинарски производ се добила сосема поинаква слика и ефект.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Комисијата се согласи дека бројките од публикацијата на ДЗС се целосно испочитувани во текстот, но се проследени со полемични коментари, лични ставови и толкувања и наметнување генерална слика за жените. Ваквиот приод во текстот, секако, добива контекст на стереотипизација и ставање на жените во незавидна и подредена положба, како што е во следните реченици:

***„Но, осмомартовската публикација на Државниот завод за статистика „Жената низ бројки“, објавена вчера, открива нешто ново за жените, а тоа е дека ниту самите себе не се ценат доволно“.***

***„Анкетата покажала дека има и такви кои секое утро би станувале и би се враќале дома попладне изморени за месечна заработка не поголема од осум илјади денари.“***

***„Дека жените потешко се вработуваат, имаат помали плати од своите машки колеги, потешко доаѓаат на раководни позиции… иако се поедуцирани, се веќе познати работи“.***

Комисијата се согласи и дека самиот наслов на текстот е непрецизен и пренагласен. Во оригиналната публикација, на чија статистика се заснова текстот, се вели дека „37 проценти од жените би прифатиле работа за плата од 16.000 до 20.000 денари, а насловот на текстот на „Вечер“ гласи **„Жените се задоволни со плата од 16.000 до 20.000 денари“.** Комисијата најде дека во самиот наслов се направени два суштински пропусти. Првиот, од кој се добива впечаток дека сите жени би работеле за таа плата и вториот пропуст со кој авторот ги поистоветил термините „би прифатиле“ и „задоволни“, што секако, не е исто.

Оттука, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен **членот 13** од Кодексот на новинарите, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулирање со публиката.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува веб-страницата на весникот „Вечер“ (www.vecer.press), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Заменик - претседател на
Комисијата за жалби

Сефер Тахири

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595